# Одбрани текстови од биохемија
# ОРАЛНА БИОХЕМИЈА

**автор: Слобода ЏЕКОВА-СТОЈКОВА**
**издавач: Универзитет "Св. Кирил и Методиј"**
**Скопје, 1993 година**




Учебното помагало ОДБРАНИ ТЕКСТОВИ ОД БИОХЕМИЈА - ОРАЛНА БИОХЕМИЈА од проф. д-р Слобода Џекова-Стојкова со посебно задоволство е примена и прифатена од студентите по стоматологија и од стоматолозите поради фактот дека во неа за прв пат во нашата земја се разработени поглавја кои ги третираат биохемиските белези на плунката, забите и денталниот плак.

Градивото е изнесено во повеќе поглавја, методолошки и концепциски поврзани во една целина. По кус потсетник на анатомијата и физиологијата на плункините жлезди, објаснет е механизмот на стимулација на секреција на саливата, пуферниот капацитет на плунката, нејзиниот органски и неоргански состав, компонентите на саливарниот имуноглобулински систем и неговата протективна улога.

Во поглавјето "Наслаги на забите" е објасенто формирањето на пеликулата, денталниот плак и забниот камен, потенцирани се основните карактеристики на зрелиот плак, неговата метаболитична активност и патогеност. На соодветен начин е прикажано создавањето на денталниот калкулус, метаболизмот на калциумот и фосфорот (ресорпција, дистрибуција, функција и елиминација), нивната хомеостаза, посебно од аспект на нормалната градба и функција на коскеното ткиво, како и значењето на хормоните и витамините што учествуваат во нивната регулација.

Книгата "Одбрани текстови од биохемија - орална биохемија" претставува синтеза на сознанијата што се стекнуваат со изучувањето на општата биохемија со тие кои се однесуваат на биохемијата на плунката, забите и денталните наслаги. Напишана разбирливо и со логичен редослед, таа дава заокружена целина, посебно значајна за натамошната едукација не само на студентите, но и на стоматолозите и специјалистите од разни области. Студиозната разработка на денталниот плак ги прави патогенетските збиднувања на кариесот и пародонтопатијата многу поразбирливи и ја потврдува комплексноста на нивната каузa. Токму затоа оваа книга топло ја препорачувам, пред се на магистрантите по стоматологија и на специјализантите по болести на устата и пародонтот.

**Проф. д-р Благородна Лазаревска**